**Планирана активност:** Одбележување на Неделата за борба против срцевосадови заболувања
**Цели:** Да се запознаат со причините за срцевосадови заболувања и превенција
**Реализатор:**одговорни наставници за ПЦК,членови на ПЦК
**Ресурси:** презентација и материјали од ЦК Карпош,флаери
**Време:** 28.02.2023
**Очекувани ефекти:** присутност и активност на членовите на ПЦК

**ИЗВЕШТАЈ БР.6**

од реализираната активност одржана на ден 28.02.2023 год.со следниот
Дневен ред

1.Следење на презентација за срцевосадови заболувања и превенција
2.Поставување прашања и објаснување на нејасностите во врска со срцевосадови заболувања
3.Поделба на флаери и задолженија на членовите на ПЦК

На оваа активност покрај членовите на ПЦК од VI до IX ,присуствуваа и директорката Верче С.Маневска и специјалниот рехабилитатор и едукатор Вања Грујоска.

Во воведот на присутните им се обрати наставничката Моника Илијевска со образложение ,зашто секоја година ја реализираме оваа активност без исклучок. Согласно календарот на Традиционалните активности на Црвениот крст на Република Северна Македонија во периодот од 21 до 28 февруари 2023 година се одбележува Неделата за борба против срцевосадови заболувања,под мотото ,,**Здраво срце,среќно срце**,,.

Истакна дека во развиените и земјите во развој, како и кај нас, срцевосадовите заболувања (ССЗ) се водечка причина за смртност и втора водечка причина за смрт на работоспособното население (возраст од 20-64 години). Според податоците на Институтот за јавно здравје повеќе од 57% од смртните случаи во Република С.Македонија се последица на срцево садови заболувања и бројките на ССЗ секоја година се зголемуваат.

Потоа следеше презентација на наставничката Силвана Савевска за срцевосадови заболувања и превенција.

Во однос на втората точка се разви дискусија за причините и превенцијата на ССЗ во која учество зедоа наставниците, директорката и учениците со цел да им се објаснат некои нејасни работи во врска со заболувањето,превенцијата и брза реакција од нивна страна доколку препознаат симптом на срцев или мозочен удар ,во нивно опкружување.

Во однос на третата точка секој член на ПЦК доби флаери кои ќе требаше да ги подели на соучениците, со цел што поголем број ученици и нивните семејства да се запознаат со ССЗ.

Се договоривме за времето на одржување на следната активност.

Со тоа состанокот заврши.





Одговорен наставник:Моника Илијевска Координатор :Силвана Савевска